РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-5021/4
05 10 2010 год.
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ ... И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" ОХРИД

| Примено | 25.11.2010 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 1653/1 | | |

Врз основа на член 35 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009 и 115/10), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ
## за исполнетоста на условите за почеток со работа на Универзитетот за информатички технологии „Св.Апостол Павле" во Охрид

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на Универзитетот за информатички технологии „Св.Апостол Павле" во Охрид со единиците во состав и тоа: Факултет за компјутерски науки и инженерство, Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Факултет за информациони системи, визуелизација, мултимедија и анимација, Факултет за машинска интелигенција и роботика и Факултет за информациони теории и анализи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

По истекот на важноста на Привременото Решение број 12-4179/3 од 09.07.2009 година, и по исполнување на условите согласно решението за почеток со работа, Универзитетот за информатички технологии „Св. Апостол Павле" од Охрид, се обрати до Министерството за образование и наука со барање број 03-1243/1 од 07.07.2010 година за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа Универзитетот за информатички технологии „Св.Апостол Павле" во Охрид со единиците во состав и тоа: Факултет за компјутерски науки и инженерство, Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Факултет за информациони системи, визуелизација, мултимедија и анимација, Факултет за машинска интелигенција и роботика и Факултет за информациони теории и анализи.

По извршениот увид, Комисијата поднесе Извештај број 12–5021/3 од 01.10 .2010 година, до Министерот за образование и наука, за исполнетоста на условите за почеток со работа на Универзитетот „Св. Апостол Павле" во Охрид, согласно одредбите утврдени со Законот за високо образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009 и 115/10) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 103/10).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Никола Тодоров

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 2

**Доставено до:**
- **примач**
- **архива**

изготвил: Марика Парцанова
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: м-р Агим Рушити